РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

11-1144/2
16-07-2024

До

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

ул.„ Кирил и Методиј “ бр.54

1000 СКОПЈЕ

**Врска** : Ваш бр.08-3175/2 од 08.03.2024 година

ПРЕДМЕТ: Мислење по Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование

Почитувани,

Во врска со Вашето барање на Мислење бр.08-3175/2 од 08.03.2024 година по Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование, Државната комисија за спречување на корупцијата по разгледување на содржината на споменатиот предлог назакон, од аспект на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси (“Службен весник на Република Македонија” бр.12/2019) го дава следното

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

МИСЛЕЊЕ

Со Законот за основното образование ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019 и 229/2020) се уредува воспитно-образовниот процес кој се остварува во основните училишта, како и дејноста на основното образование како дел од единствениот воспитно-образовен систем.

Причината за донесување на предложените изменувања и дополнувања на Законот за основното образование е извршување на Пресудата на Европскиот суд за човекови права (А.бр.11811/20 и 13550/20) во случајот Елмазова и други против Република Северна Македонија, поради утврдена дискриминација и повреда на членот 14 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи, земен во врска со членот 2 од Протоколот бр. 1 кон Конвенцијата, како резултат на сегрегација на ученици Роми во две основни училишта на територија на државата. Во насока на целосно почитување на пресудата на Европскиот суд за човекови права, Република Северна Македонија како потписничка на Конвенцијата, преку донесување на предложените законски измени во основното образование, презема позитивни ефективни мерки за да ја исправи фактичката нееднаквост и да избегне продолжување на дискриминацијата. Сегрегацијата подразбира издвојување, односно дискриминирање на дел од населението врз основа на раса, вера, пол, социјална припадност итн. Како таква таа претставува исклучително негативна општествена појава со далекусежни штетни последици.

Сегрегацијата на Ромите во образованието во Република Северна Македонија е детектирана во повеќе домашни и меѓународни документи.

Според меѓународното право сегрегацијата е забранета, без оглед дали таа е намерна или настанала како последица од ненамерни процеси и се третира како особено остра форма на дискриминација, а со оглед на тоа дека Република

Северна Македонија е земја потписничка на сите релевантни меѓународни декларации, истите треба да бидат воведени и во законодавството на нашата држава. Законите во нашата земја ја забрануваат дискриминацијата, но никако не ја обработуваат сегрегацијата и не пропишуваат проактивни мерки и обврски за нејзино спречување.

Дополнително, сегрегацијата на учениците Роми во Република Северна Македонија е идентификувана и како еден од главните фактори на нискиот квалитет на нивното образование и ниските академски постигнувања.

Признавањето дека сегрегацијата во образованието е проблем што постои, е првиот неопходен чекор за да се бараат ефикасни решенија за него, па токму од оваа причина се предлага изменување и дополнување на Законот за основното образование, а се со цел да се надминат детектираните слабости во овој дел.

Одредбите на Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за основното образование се насочени кон десегрегација во образованието преку превенирање на разни форми на скриена сегрегација и сегрегацијата во креирањето на политиките од оваа област, односно се обезбедува еднаков пристап и квалитет на образованието за Ромите со нивото на квалитетот на образованието на мнозинството ученици.

Предложените измени и дополнувања се засноваат врз начелото на еднаква застапеност на децата и декларираат забрана за секаков вид сегрегација во училиштата врз основа на расно или етничко потекло.

Од аспект на Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата, Државната комисија утврди дека предложените законски одредби се јасни и прецизни и може да се констатира дека во овој дел нема правни недостатоци кои претставуваат две главни категории на регулаторни ризици од корупција.

Државната комисија ја поддржува секоја иницијатива која претставува борба против дискриминацијата, а која е во духот на уставно загарантираното право на еднаквост на сите граѓани, особено правото на децата на еднаков пристап до квалитетно основно образование, со цел истите да се изградат како личности со интегритет и да станат свесни за важноста на борбата против корупцијата во сите нејзини форми, појави и облици.

Со почит,

Заменик претседател,

Зоран Богоевски

Изработил: С. М , советник

Проверил: А.С ., раководител на одделение

Контролирал: Б.В.Б., помошник раководител на сектор

Одобрил: М.К., раководител на сектор